РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

Бр.-Nr. 08-932/4
30.09. 2022
Скопје - Shkup

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на англиски јазик, по „Правни студии" на Правен факултет при Меѓународен Универзитет „Визион" во Гостивар**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на англиски јазик, по „Правни студии" на Правен факултет при Меѓународен Универзитет „Визион" во Гостивар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр.08-620/6 од 21.09.2022 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Меѓународен Универзитет „Визион" во Гостивар се обрати со барање бр.0306-536/05 од 22.09.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-932/1 од 22.09.2022 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на англиски јазик, по „Правни студии" на Правен факултет при Меѓународен Универзитет „Визион" во Гостивар.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-932/2 од 23.09.2022 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 26.09.2022 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-932/3 од 30.09.2022 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на англиски јазик, по „Правни студии" на Правен факултет при Меѓународен Универзитет „Визион" во Гостивар, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил: Милена Ефремовска
одобрил: Sevgil Murtezi